# ИНФО БИЛТЕН

ФЗОМ

## Фонд за здравствено осигурување на Македонија

**Инфо билтен издание бр. 21/2012**

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

## Содржина

1 Новини за осигурени лица и Фирми ....3
1.1 -Одредување на место за издавање на сините картони преку МПИН - .3
1.2 Истурени шалтери на ФЗОМ во Ѓорче Петров и Драчево ....5
2 Новини во врска со Лекови на товар на ФЗОМ ....6
2.1 Трета годишна ревизија на референтни цени на лекови 84% лекови по заштитено име без доплата или со минимална доплата ....6
2.1.1 Ефекти за лекови на рецепт по незаштитено (генеричко) име ....6
2.1.2 Ефекти за лекови на рецепт по заштитено име ....7
2.1.3 Потрошувачка на лекови на рецепт во периодот 2008 – 2011 година ....8
2.1.4 Генерални заклучоци ....9
2.2 Конкуренцијата доведува до намалување на цените на лековите ....10
3 Новини за лекарите – ....12
3.1 Промена во договорот за начинот на плаќање на капитација кај лекарите во примарна здравствена заштита - Исплатени 100 отсто капитација на избраните лекари ....12
4 Права на осигурениците ....13
4.1 Право на Итна медицинска помош на осигурените лица на ФЗОМ, во странство ....13
4.2 Правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство (породилно отсуство) во висина од 50% во случај на предвремено враќање ....16
5 Нова рубрика – Извадоци од светски медиуми ....19
5.1 5.1 Обид да се избројат „мрзливците“ во светот ....19
6 Целосна листа на лекови без доплата - табела ....21

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

# 1 Новини за осигурени лица и Фирми

## 1.1 -Одредување на место за издавање на сините картони преку МПИН -

Се повикуваат сите правни субјекти-обврзници за пресметка и уплата на придонес за здравствено осигурување при поднесување на месечната пресметка за плата до Управата за јавни приходи (МПИН декларација) правилно и точно да го пополнуваат полето **3.4.б**: **"Ознака на подрачна единица за издавање на потврди за платен придонес за здравствено осигурување"**, користејќи го следниот шифрарник:

| рб | Подрачна служба | Шифра | рб | Подрачна служба | Шифра |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | **408200** | 16 | Крушево | **405200** |
| 2 | Битола | **401100** | 17 | Куманово | **403100** |
| 3 | Валандово | **407400** | 18 | Македонски Брод | **405300** |
| 4 | Велес | **407100** | 19 | Неготино | **407500** |
| 5 | Виница | **408600** | 20 | Охрид | **404100** |
| 6 | Гевгелија | **407300** | 21 | Прилеп | **405100** |
| 7 | Гостивар | **402100** | 22 | Пробиштип | **408700** |
| 8 | Дебар | **404300** | 23 | Радовиш | **408800** |
| 9 | Делчево | **408500** | 24 | Ресен | **401300** |
| 10 | Демир Хисар | **401200** | 25 | Свети Николе | **408900** |
| 11 | Кавадарци | **407200** | 26 | Скопје | **406100** |
| 12 | Кичево | **404200** | 27 | Струга | **404400** |
| 13 | Кочани | **408400** | 28 | Струмица | **408300** |
| 14 | Кратово | **403200** | 29 | Тетово | **402200** |
| 15 | Крива Паланка | **403300** | 30 | Штип | **408100** |

Почнувајќи од **1 септември 2012 година**, новиот информационен систем на Фондот за здравствено осигурување на Македонија при генерирање на потврдите за платен придонес за здравствено осигурување **(сини картони)** ќе го користи податокот за подрачна служба на ФЗОМ онака како што е наведен во МПИН декларацијата за соодветниот месец од страна на обврзникот.
Имено, со ова фирмата (обврзникот) има можност за секој вработен да го одреди местото - подрачната служба на ФЗОМ во градот каде истиот ќе ги подигнува сините картони, преку користење на соодветната шифра од горниот шифрарник. Ова особено го препорачуваме за фирмите кои имаат работни единици /канцеларии/ шалтери во различни градови.
*Пример: Фирма од Скопје има подружници во 5 други града. Фирмата може во МПИН-от да декларира сините картони да се подигаат за секој вработен во градот каде што работи, односно сините картони, покрај во Скопје за вработените во Скопје, да се печатат во 5*

*други града, за вработените кои работат во подружниците од тие градови. Притоа, сините картони во секоја од шесте (Скопје+5) подрачни единици на ФЗОМ ќе може да ги подигне овластено лице од фирмата за вработените во подружницата во соодветниот град или пак вработениот лично за себе. Фирмата за вработениот може да избере и друг град, покрај овие 6, како на пример градот каде живее вработениот.*

Исто така, доколку обврзникот сака во рамките на една подрачна служба сините картони да се печатат по посебен редослед, тогаш може да направи групирање на податоците користејќи ги последните две полиња од шифрата за соодветниот град.

*Пример: Во фирма од Скопје има две работни едниници. Доколку фирмата сака сините картони да се испечатат по редослед прво за едната па потоа за втората единица тогаш во МПИН фајлот пополнува кај првата група вработени 4061**01**, а кај втората 4061**02**.*

### 1.2 *Истурени шалтери на ФЗОМ во Ѓорче Петров и Драчево*

Почитувани,

**Од 21 август 2012 година, Фондот за здравствено осигурување ќе биде поблиску до Вас!** Започнуваат со работа истурените шалтери на Подрачната служба на ФЗОМ – Скопје сместени во **Поликлиниката во Ѓорче Петров** и **Поликлиниката во Драчево** на Здравствен дом Скопје.

На овие шалтери **осигурените лица, здравствените установи, избраните лекари, како и обврзниците за плаќање на здравствен придонес (фирмите)** ќе можат да ги добијат следниве услуги:

| *Услуга* | *Опфат* |
|---|---|
| **1. Пријави – одјави во здравствено осигурување** | **Сите пријави - одјави во здравствено осигурување со ЗО-1 обрасци на осигуреници на територијата* која ја покриваат истурените шалтери** |
| **2. Прием на ИЛ обрасци** | **Пријави и одјави на избран лекар со ИЛ обрасци – за сите избрани лекари кои се наоѓаат на територијата која ја покриваат истурените шалтери** |
| **3. Печатење на сини картони** | **Само дупли картони за осигуреници (вклучително и невработени лица) од територијата која ја покриваат истурените шалтери, како и прво печатење на картони за фирми до 10 вработени на истата територија, вклучително и земјоделци** |
| **4. Потврди за платен придонес** | **Сите осигуреници и фирми од соодветната територија може да добијат потврда дека придонесот за здравствено осигурување им е платен** |
| **5. Потврди за ослободување од партиципација во цената на здравствените услуги за крводарители и лица со посебни потреби** | **Издавње на потврди за сите осигуреници од соодветната територија** |

**Напомена: Користењето на услугите од овие шалтери е флексибилно, односно иако пред се‘ е наменето за осигурениците, фирмите, здравствените установи и избрани лекари од територијата која ја покриваат овие шалтери (шалтер во **Драчево**: дел од општината Кисела вода - нас.Драчево и Пинтија, с.Лисиче, општина Студеничани, Зелениково и Петровец, шалтер во **Ѓорче Петров**: општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај), секој оној кој ќе сака и оцени дека услугата побргу ќе ја добие на овие шалтери независно каде живее/работи во рамки на подрачјето на Скопје ќе може да биде услужен.*

# 2 Новини во врска со Лекови на товар на ФЗОМ

## 2.1 Трета годишна ревизија на референтни цени на лекови 84% лекови по заштитено име без доплата или со минимална доплата

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја направи **третата по ред годишна ревизија** и утврди нови референтни цени за лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, усогласени со цените на лековите во регионот и новите единствени одобрени цени на лекови во Република Македонија **без дополнителни финансиски импликации** за осигурениците и за Фондот. Одлуката за нови референтни цени на лекови е објавена во Службен весник на РМ(бр.90 од 18.07.2012 и истите се применуваат од **1 август 2012 година.**

Утврдувањето на референтните цени на лекови е **транспарентен процес според интернационална компаративна методологија за цени на лекови на Фондот**. Се споредуваат цените на лековите во нашата држава и регионот (Р.Србија, Р.Бугарија, Р.Хрватска и Р.Словенија). Во првата фаза, Одлуката на Управниот одбор на ФЗОМ за предлог референтни цени на лекови се објавува на веб страната на Фондот, а носителите на одобренија имаат 15 дена рок за забелешки по што процесот завршува со преговори со цел зголемување на бројот на лекови без доплата, односно намалување на доплатата.

Во овој процес одржани се и средби за преговори со фармацевтски куќи кои обезбедуваат лекови во Р.Македонија. Со преговорите помеѓу ФЗОМ и фармацевтски компании, обезбедени се **дополнителни 70 лекови** по заштитено име без доплата, а тоа се лекови за бубрежни заболувања, дерматолошки заболувања, лекови за намалување на покачен крвен притисок, за срцева слабост, антибиотици, лекови кои се користат при трансплантација на органи, лекови за респираторен систем и др.

**Ова значи дека ФЗОМ обезбедил 400 лека по заштитено име без никаква доплата за осигурениците.**

ФЗОМ направи целосна ревизија на референтните цени лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ и утврди референтни цени за лекови од примарна и болничка позитивна листа и тоа: **726 лекови по незаштитено (генеричко) име со фармацевтска форма и јачина** (376 на примарна позитивна листа, а 343 на болничка позитивна листа, 7 инсулини) и **1568 лекови по заштитено име** (937 на примарната позитивна листа, а 598 на болничка позитивна листа, 34 инсулини).

### 2.1.1 Ефекти за лекови на рецепт по незаштитено (генеричко) име

Како резултат на целокупниот процес, од вкупно 376 лекови по генеричко име од примарната позитивна листа, **272 лекови се обезбедени без доплата за осигурениците,** односно **73 %** од лековите за примарна здравствена заштите **се обезбедени без доплата за осигурениците, што е највисок процент на вакви лекови досега** (График 1)**.** Минатата година лекови без доплата по генерики беа 257 од

вкупниот број лекови на рецепт, што значи **пораст на оваа бројка од 15 лекови до овој момент, односно приближно 6% раст во 2012 година.** За споредба, во 2009 година бројката на лекови без доплата беше 77, и се бележи **значителен раст од 3,5 пати** на лековите без доплата по имплементација на компаративната методологија на Фондот за референтни цени на лекови (График 2). Сумарно, **од 2009 година кога бројката на лекови по генерики без доплата била 20%, во 2012 година е 73%, односно се бележи раст од 53%.** Постои тенденција овој број да се зголемува и понатаму, со што ќе се намалува бројот на лекови со доплата.




*График 1. Споредба на нови референтни цени на лекови по генерики 2012 година*




*График 2. Споредба на лекови без доплата и со доплата 2009 – 2012 година*

Оваа година со новите референтни цени за лекови на рецепт утврдени по Третата годишна ревизија на референтните цени на лековите од позитивната листа, Фондот ќе обезбеди и нови лекови без доплата, а тоа се лекови за бубрежни заболувања, дерматолошки заболувања, лекови за намалување на покачен крвен притисок, за срцева слабост, антибиотици, лекови кои се користат при трансплантација на органи, лекови за респираторен систем и др.

### 2.1.2 Ефекти за лекови на рецепт по заштитено име

Со оваа годишна ревизија на референтни цени на лекови за 936 лекови по заштитени имиња ефектите се следни: 43% лекови по заштитено име се без доплата, 43% се со доплата до 100 денари, 20% се со доплата од 100 до 500 денари, а останатиот минимален дел се лекови со доплата над 500 денари (График 3), односно 86**% од лековите по заштитено име се без доплата или со минимална доплата.**




*График 3. Споредба на доплатата за лекови по заштитено име за ПЗЗ, 2009 – 2012*

### 2.1.3 Потрошувачка на лекови на рецепт во периодот 2008 – 2011 година

Позитивните ефекти од имплементација на системот на референтни цени на лековите од позитивната листа и компаративната методологија на Фондот преку првите референтни цени на лекови по новата методологија во 2010 година, се значителни и видливи преку зголемениот број и количини на лекови кои се обезбедени за осигурениците преку аптеките и преку зголемените финансиски средства за таа намена. За илустрација, во 2008 година за обезбедување на осигурениците со лекови на рецепт во примарна здравствена заштита биле потрошени вкупно околу 1,3 милијарди денари, додека во 2011 година се потрошени 1,9 милијарди денари. Бројот на реализирани рецепти во 2011 година изнесува околу 16 милиони рецепти и истиот е зголемен за околу 60% во однос на 2008 година кога биле нешто повеќе од 10 милиони реализирани рецепти за лекови од примарната здравствена заштита (График 4 и График 5).




*График 4: Вкупен износ за лекови на рецепт 2008-2011*




*График 5: Број на реализирани рецепти 2008-2011 година (милиони рецепти) година (милијарди денари)*

### 2.1.4 Генерални заклучоци

Можеме со задоволство да констатираме дека Фондот успеа да обезбеди **поголем број на лекови, повеќе лекови без доплата и со намалена доплата, без дополнителни финансиски импликации** за осигурениците и за Фондот. Секако, од големо значење е и ефектот за **дополнителното поефтинување на определени лекови** во нашата држава.

**Причини за подобрување на состојбата за лекови на рецепт се и следните:**

- **Намалени едиснтвени цени на лекови во РМ**
- **Зголемена конкуренција меѓу фармацевтските компании**
- **Следење на трендот на намалување на цените на леквите во регионот**
- **Континуиран партнерски однос меѓу Фондот и фармацевтските куќи за намалување на цените на лековите за доброто на осигурениците.**

Фондот изразува задоволство од постигнатите ефекти и благодарност за позитивната соработка со фармацевтските куќи кои излегоа во пресрет на осигурениците на Фондот и обезбедија повеќе лекови без доплата или со намалена доплата. Од таа причина голема благодарност до Алкалоид, Реплек фарм, Јака 80, Крка - фарма, Плива, Медис (УСБ), Септима, Pharma Swiss, Glaxo Smith Kline и други.

Се надеваме и поттикнуваме и во иднина да продолжи и уште повеќе да зајакне позитивната соработка помеѓу сите инволвирани страни во овој процес, во интерес на осигурениците на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

## 2.2 *Конкуренцијата доведува до намалување на цените на лековите*

**третата по ред годишна ревизија на** референтни цени за лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ како и конкуренцијата во фармацевтскиот сектор доведе да повеќекратно намалување на цените на лекови, како за пример ќе посочиме лек за пациенти со трансплантирани органи кој во изминатиов период имаше неколку кратно намалување на цената, со што директен бенефит имаа пациентите и ФЗОМ. Имено, готовиот лек Cell cept на производителот F. Hoffmann-La Roche Ltd со генеричко име- (INN) -Mycophenolic acid се наоѓа на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Сл.Весник бр.102 од 22.08.2007 г), во следните фармацевтски дозажни форми и јачини: капсули 250mg, таблети и филм обложени таблети 500mg и со режим на препишување -RS –лекот го препишува избран лекар по препорака на лекар специјалист онколог или интернист , **за пациенти со трансплантирани органи.**

Согласно Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствената заштита на родилките и доенчињата во РМ за 2012 година-Трансплантација на органи, средствата за партиципација на осигурените лица за овој лек се обезбедуваат преку буџетот на Република Македонија.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија со воведување на референтните цени на лековите, во 2008 година ја утврди цената од **8.468,15** денари со ДДВ како референтна цена за лековите Cell cept капсули 250mg и филм обложени таблети 500mg.

Со воведување на новиот систем, односно на **новата компаративна методологија** на утврдување на референтнти цени на лекови (Правилник за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови бр. 158/2009 и 138/2010), кои започнаа да важат **од 01.05.2010 година** цената на **Cell cept** таблети 100x 250 mg и 50x 500mg се намали од 8.468,15 денари на **7. 836,00** денари со ДДВ(намалување на цената за околу 8%) и истите беа без доплата за осигурениците.

Со регистрирање на новиот готов лек од оваа генерика, Trixin таблети 250 mg и 500 mg од производителот Teva, согласно погоре наведениот Правилник, извршена е нова пресметка на референтни цени на лековите **Cell cept** и **Trixin** таблети 250 mg и 500 mg, според која новата референтна цена со ДДВ е 4.762,00 денари за двете јачини, која стапи на сила **од 01.03.2011 година.** Со оваа корекција извршено е намалување на цената за околу 56%. При тоа и понатаму и двата лека (Cellcept таблети 250mg и 500mg и Trixin таблети 250mg и 500mg) останаа како лекови без доплата за осигурениците.

Понатаму, со втората редовна годишна ревизија на референтните цени од **01.10.2011 година** се изврши повторна корекција на референтната цена на овие лекови, од 4.762,00 на **2.400,00 денари** со ДДВ(односно намалување на цената за околу 50%), без доплата за осигурениците.

Во 2012 година од оваа генерика регистриран е нов готов лек **Mycophenolat mofetil Actavis** на производителот Actavis. Исто така, извршено е и намалување на утврдената единствена цена на лекот Trixin таблети 250mg и 500mg, поради што се изврши и нова пресметка на референтната цена за оваа генерика и истата изнесува 1.764,00 денари со ДДВ. Управниот одбор на Фондот донесе Одлука за утврдување на нови референтни цени од 1.764,00 денари за двете јачини, кои ќе стапат во сила по добивање на согласност од Министерот за здравство, по што ќе се објават во Сл.весник на Р.Македонија, за што дополнително ќе биде информирана јавноста. Со оваа последна измена ќе се зголеми изборот на заштитени имиња(вкупно три заштитени имиња) за соодветната генерика, за осигурениците, а веќе за две од нив соодветните производители најавија дека ќе ги испорачуваат по референтна цена со што истите би биле без доплата за осигурурениците.

Управниот одбор на Фондот донесе Одлука за утврдување на нови референтни цени за генериката Mycophenolic acid tabl. 250mg и 500mg; (имунсупресиви) од 1.764,00 денари за двете јачини.

***Сите овие измени во Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови ќе стапат во сила по добивање на согласност од Министерот за здравство, по што ќе се објават во Сл.весник на Р.Македонија, за што дополнително ќе ја информираме јавноста.***

# 3 Новини за лекарите –

## 3.1 Промена во договорот за начинот на плаќање на капитација кај лекарите во примарна здравствена заштита - Исплатени 100 отсто капитација на избраните лекари

Од август 2012 година започнаа првите исплати на новиот модел на капитација кој предвидува 100% наместо претходниот 70% месечно и квартален надоместок за цели. Примарната здравствена заштита е местото каде осигуреникот го остварува првиот контакт со здравствениот систем и има посебно значење како „капија" на целиот систем. Кај избраниот лекар осигуреникот треба да добие квалитетно следење на неговата здравствена состојба, согледување на ризиците и рано откривање на определените заболувања како услов за превенција и навремено лекување.

Соодветно на горенаведеното, ФЗОМ постојано ги следи услугите и го унапредува начинот на работа на примарната здравствена заштита со тенденција на долг рок да обезбеди поквалитетна услуга со што ќе се обезбеди подобро здравје на осигурениците.

Согласно преговорите за договорите 2012 година водени со ЛКМ и ЗПРЛМ се примени нов начин на исплата капитација. Измените се преточија во анекс договороти со примарна здравствена заштита од 2012 година. ФЗОМ ја прифати оваа промена во начинот на плаќање на капитацијата со цел олеснување на работата на избраните лекари. Оваа измена овозможува полесно и поедноставно практикување на медицината и обезедување на подобра здравствена заштита на осигурениците:

**Капитацијата за избраните лекари од примарна здравствена заштита се исплатува секој месец 100 отсто. Со други зборови, 30 отсто од парите кои лекарите ги добиваа по основ на цели, превентивни мерки и активности ќе ги добиваат веднаш, а не еднаш квартално како досега.**

Согласно измените во договорните одредби со лекарите во приватните здравствени установи од примарна здравствена заштита деновиве беше исплатена **100% капитација на избраните лекари.** На овој начин на лекарите од примарна здравствена заштита ќе им се подобри ликвидноста и ќе имаат повеќе средства за располагање.

Според претходните договори со ФЗОМ, согласно Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во ПЗЗ, Фондот на здравствената установа на избраниот лекар исплатуваше само 70% од месечниот надоместок за основна капитација. Останатите 30% од сумата за капитација на име на реализирани

цели, лекарите ја добиваа квартално - по истекот на секое тромесечје и извршена контрола од страна на овластени лица од ФЗОМ.

# 4 Права на осигурениците

## 4.1 Право на Итна медицинска помош на осигурените лица на ФЗОМ, во странство

Осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за време на привремен престој надвор од територијата на Република Македонија (приватно или службено патување, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна – техничка, научна, и културна соработка и сл.) можат да го остварат своето право на итна медицинска помош, и тоа во случај на привремен престој во земја со која РМ има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и во случај на привремен престој во земја со која РМ нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување.

Под итна медицинска помош се подразбира користење на здравствени услуги кои се неопходни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, додека трае таа опасност, односно чиешто пружање не може да се одложи до планираното враќање во Република Македонија.

**а) Итна медицинска помош во земја со која РМ има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување**

Осигурените лица на ФЗОМ правото на итна медицинска помош на основа на Билатерален договор за социјално осигурување можат да го остварат во следните земји: Германија, Австрија, Турција, Хрватска, Словенија, Србија, Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина, Чешка, Холандија, Луксембург, Белгија, Франција и Италија.

За таа цел, пред патувањето во странство осигурените лица на ФЗОМ треба да се обратат во подрачната служба на ФЗОМ каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување, и да пополнат Барање (ПП1) за издавања на двојазичен образец - **”Потврда за право на користење на здравствени услуги за време на привремен престој во странство”**, за една од наведените земји.

Кон Барањето се приложува следната документација:

1. потврда за здравствената состојба, издадена од избраниот лекар за сите (и од гинеколог за жени) и
2. наод, оценка и мислење на лекарската комисија на ФЗОМ.

Во случај на школување и стручно усовршување, студиски престој, освен наведената документација кон Барањето се приложува и доказна документација за школувањето, односно студирањето, издадена од странската образовна институција.

Во зависност од целта на патување двојазичниот образец се издава со различен период на важење и тоа за:

- туристички патувања до 30 дена,
- редовно школување, студирање, во зависност од доказната документација од странската образовна институција (на пример во случај на студирање доказна документација за упис на семестар – 6 месеци, или за упис на година – 12 месеци),
- посета на близок роднина (жена, маж, мајка, татко, брат, сестра, син, ќерка), до 6 месеци со потпишување на Изјава,
- стручно усовршување во приватна режија, усовршување на странски јазик, до 6 месеци со потпишување на Изјава,
- стручно усовршување по одобрување на институција, за периодот на траењето на стручното усовршување.

Двојазичниот образец на осигурените лица на ФЗОМ им служи како привремена здравствена легитимација во земјата каде што патуваат и на основа на истиот осигурените лица на ФЗОМ се изедначени, во однос на правата и обврските, со осигурените лица на земјата во која престојуваат. Тоа значи дека на основа на двојазичниот образец осигурените лица на ФЗОМ можат да користат итни и неопходни здравствени услуги и за истите треба да платат само лично учество (партиципација), доколку во законските прописи на земјата во која се престојува е предвидено лично учество (партиципација). Во спротивно осигурените лица на ФЗОМ не подлежат на никакви трошоци за користените итни здравствени услуги.

**б) Итна медицинска помош во земја со која РМ нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување**

Осигурените лица на ФЗОМ кои привремено престојуваат во земја со која РМ има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, но не ја спровеле постапката за издавање на двојазичен образец, или привремено престојуваат во земја со која РМ нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, исто така имаат право на итна медицинска помош. Во овој случај осигурените лица на ФЗОМ за користените здравствени услуги плаќаат од лични средства. Осигурените лица се должни веднаш по завршување на итноста да се вратат во Република Македонија и да го продолжат лекувањето во земјата. Доколку по завршувањето на итноста осигурените лица не се вратат во земјата и го продолжат лекувањето во странство, за тој период трошоците паѓаат на товар на осигурените лица.

За остварување на правото за надомест (рефундација) на средствата за користените здравствени услуги во странство, осигурените лица на ФЗОМ по враќањето во РМ пополнуваат **Барање за надомест на средства за користени здравствени услуги во странство – итен случај (образец Л3),** во подрачната служба на ФЗОМ каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Барањето го пополнува осигуреното лице или член на неговото семејство или близок роднина**.**

Кон Барањето се приложува следната документација:

- медицинска документација за извршените здравствени услуги во странство, преведена од овластен преведувач;
- сметки/фактури за платените здравствени услуги, преведени од овластен преведувач;
- копија од потписен картон (или платежна картичка) од трансакциска сметка и од лична карта на осигуреникот на кој треба да му се исплатат средствата за користените здравствени услуги.

За итноста на користените здравствени услуги во странство, како и за времетраењето на итност, одлучува лекарската комисија на ФЗОМ.

**„ Итност во случај на породување во странство”**

Породување по итност во странство се смета доколку настане состојба на предвремено породување (пред влегување во деветтиот месец од бременост), како резултат на акутно настаната состојба или компликација во врска со бременоста, која предизвикала породување.

Спонтаното породување во предвидениот термин (сметајќи од првиот ден на деветтиот месец на бременост) кое е реализирано во странство, не се смета за итен случај и не подлежи на надоместок на средства (рефундација).

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

## 4.2 *Правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство (породилно отсуство) во висина од 50% во случај на предвремено враќање*

### *Вовед*

Правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство (породилно отсуство) е право кое произлегува од областа на работните односи.

Согласно член 166 став 1 од Законот за работните односи, работничката која користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство ако сака може да се врати на работа и пред истекот на отсуството, но не и пред 45 дена од денот на раѓањето на детето.

Додека пак според став 2 на истиот член, работничката од ставот 1 на овој член покрај правото на плата, има право и на надомест на плата за отсуство поради бременост и родителство во висина од 50% од утврдениот износ на надоместокот за отсуство од ставот 1 на овој член според прописите за здравствена заштита.

**Значи, осигуреничка која се враќа на работа пред истекот на породилното отсуство (кое е во траење од 9 месеци, односно 270 дена) по враќањето на работа може да оствари надоместок на плата во висина од 50% од основицата на утврдениот надоместок за породилното отсуство се' додека трае породилното отсуство.**

### *Услови за остварување на правото на надоместок на плата согласно член 15 од Законот за работните односи*

Овие права кои произлегуваат од работните односи се инкорпорирани во здравствениот систем со цел осигурениците да можат да ги остваруваат и тоа преку член 14 од Законот за здравственото осигурување, според кој право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1,2 и 3 (лица во работен однос) на овој закон.

Осигурениците кои се во работен однос можат да остварат право на надоместок на плата за време на породилно отсуство, ако ги исполнуваат и следниве услови:

1) ако здравственото осигурување траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот;

2) придонесот за задолжително здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и
3) оценката за привремена спреченост за работа (породилно отсуство) ја дал избран лекар (матичен гинеколог).

## *Утврдување на висината на надоместокот на плата*

Согласно член 16 од Законот за здравствено осигурување основица за пресметување на надоместокот на плата претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

Висината на надоместокот на плата за време отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство износува **100%** од основицата на надоместокот на плата утврдена според член 16 на законот.

Согласно член 17 став 3 од Законот за здравственото осигурување, висината на надоместокот на плата пресметан според член 16 од истиот закон, не може да биде повисока од износот на две просечни месечни плати исплатени во Републиката во претходната година.

Од 01.01.2012 година овој износ не може да биде поголем од три просечни месечни плати исплатени во Републиката во претходната година, односно четири просечни месечни плати исплатени во Републиката во претходната година почнувајќи од 01.01.2013 година.

